Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија"  96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија" бр.   44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет Музичка уметност за II година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет Музичка уметност за II год. гимназиско образование се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно за наставен предмет со 2 часа неделно се предвидуваат 64 часа во скратената програма со времетраење на наставен час од 35 минути.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни содржини**

Тема/Подрачје

**1.Историја на музиката** 46 (47) часа

Наставни содржини

1 - Музички романтизам (појава и карактеристики);

2 - Ф.Шуберт,

- Соло песна и клавирска минијатура (музички форми);

3 - Р.Шуман;

4 - Ф.Менделсон;

5 - Ј.Брамс;

6 - Р.Штраус;

7 - Програмска и апсолутна музика,

- Х.Берлиоз;

8 - Франц Лист ;

9 - Анализа на творештвото;

10 - Операта во романтизмот – Италија, Германија, Франција;

11 - Џоакино Росини, Виченцо Белини, Гаетано Доницети;

12 - Џузепе Верди;

13 - К.М.Вебер;

14- Р.Вагнер;

15 - Жорж Бизе;

16 - Веризам во италијанската опера Маскањи, Леонкавело и Пучини;

17 - Анализа на творештво;

18 - Романтизмот во словенските земји;

19 - Романтизмот во Полска преку творештвото на Ф.Шопен;

20 - Романтизмот во Русија  - М.Глинка и „Руска Петорка“;

21 - Петар Илич Чајковски;

22 - Романтизмот во Чешка – Беджих Сметана;

23 - Антоњин Дворжак;

24 - Романтизмот во Норвешка, Финска и Шпанија (Едвард Грик, Јан Сибелијус, Мануел де Фаља);

25 - Анализа на творештвото;

26 - Музички импресионизам;

27 - К.Дебиси;

28 - Морис Равел;

29 - Анализа на творештвото;

30 - Музика во 20 век;

31 - И.Стравински;

32 - Сергеј Прокофјев;

33 - Арнолд Шенберг;

34 - Анализа на творештвото;

35 - Македонската музика во 20 век;

36 - Првата композиторска генерација Стеван Гајдов, Живко Фирфов;

37 - Трајко Прокопиев и Тодор Скаловски,

- Македонскиот фолклор во модерни стилови (народно музичко творештво);

38 - Македонски композитори по Втората светска војна - В.Николовски, Т.Прошев;

39 - Појава на оперската музика во Македонија преку творештвото на К.Македонски;

40 - Појава на балетската музика во Македонија и творештвото на Љубомир Бранѓолица;

41 - Анализа на творештвото;

42 - Појава на џез музика;

43 - Џ.Гершвин;

44 - Забавна музика (музика за филм и драма);

45 - Модерни стилови и жанрови во 20 век;

46 - Анализа на творештвото.

Тема/Подрачје

**2. Народно музичко творештво** 6 (7) часа

Наставни содржини

1 - Носијата и обичаите како дел од нашето фолклорно богатство;

2 - Мотивот на разделба и печалбарството во народната музика;

3 - Изворната народна песна и новосоздадената песна со фолклорни елементи;

4 - Обработка на народна песна;

5 - Песната и коренот;

6 - Анализа на народното творештво.

Тема/Подрачје

**3. Музички форми** 6 (7) часа

Наставни содржини

1 - Мала дводелна и триделна песна;

2 - Сложена триделна песна (мазурка,менует,марш);

3 - Свита,соната,концерт и фуга;

4 - Класична соната и симфонија;

5 - Опера, оперета, балет;

6 - Анализа на творештвото на музичко - сценски дела.

Тема/Подрачје

**4. Музичка теорија** 4 (4) часа

Наставни содржини

1 - Откривање квинтен круг нагоре и надолу со бемоли и диези;

2 - Дурски скали со три предзнаци A - dur; Es-dur,

- Песни во новите тонски скали (вокална интерпретација);

3 - Молски скали со три предзнаци fis-moll, c-moll;

4 - Анализа на теоријата на музиката.

Тема/Подрачје

**5. Вокална интерпретација** 6 (7) часа

Наставни содржини

1 - Народни уметнички и револуционерни песни;

2 - Фрагменти од познати опери и симфонии;

3 - Музичка креативност.

## 3. Дидактички препораки

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичка уметност за II година гимназиско образование ќе се реализира за 159 дена траење на учебната 2020/2021 година во 64 наставни часови во времетраење на наставен час од 35 минути. Наставните содржини од програмата остануваат исти но распоредени во рамките на 64 наставни часа. Направен е спој на наставни содржини од исти и различни теми со логична поврзаност помеѓу нив. Се поврзуваат наставните содржини; „Ф.Шуберт" (Историја на музиката) со „Соло песна и клавирска минијатура (музички форми), „Програмска и апсолутна музика" (Историја на музиката) со „Хектор Берлиуз" (Историја на Музиката), „Дурски скали со три предзнаци A – dur, Es – dur" (Музичка теорија) со „Песни во новите тонски скали" (Вокална интерпретација), и „Трајко Прокопиев и Тодор Скаловски" (Историја на музиката) со „Македонскиот фолклор во модерни стилови" (народно музичко творештво).

Во оваа програма бројот на часовите е даден орентационо со што се остава простор на наставникот да ја изрази својата креативност и прилагодливост кон материјално – технички и просторни услови, разни активности и прилагодување на наставата со ново настанатата состојба во светски рамки предизвикана од вирусот Ковид 19. Поради тоа се остава можност на наставникот, не само во предвидените теми и содржини да може да го направи скратувањето – односно интегрирањето, но и во останатите теми и содржини спрема неговата креативност и потреби.

Во изготвувањето на планирањата за реализацијата на наставните програми по предметот музичка уметност не е предвиден унифициран пристап. Потребно е секој наставник индивидуално да направи спој на наставните содржини

од исти и различни теми согласно реалните потреби за реализација на наставата, истовремено водејќи сметка за логичната поврзаност помеѓу нив. Се препорачува наставникот при реализацијата на наставниот час во кој има интегрирано две или повеќе наставни содржини да обрне внимение на обемот на наставната материја. Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма имајќи го предвид времетраењето на наставниот час од 35 минути. Следењето на постигањата на учениците секој наставник индивидуално да го интегрира во рамките на предвидените часови за реализација, користејки најразлични методи, техники и инструменти.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичка уметност за втора година гимназиско образование образование ја утврди

Бр. 12-8424/105
16.09.2020

**Министер за образование и наука**
**Мила Царовска**